**Известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб Република Хрватска, ќе стекне контрола над ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л., Италија**
**(предмет бр. 08-132/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 19.09.2024 година, а дополнето на 04.10.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ОРБИКО ДОО за трговија Загреб, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, има намера да стекне контрола над ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л., со седиште на Виа Делл’Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ОРБИКО ДОО за трговија Загреб,** со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, МБС: 080234144, и со предмет на работење трговија.

Присутно во Република Северна Македонија преку:

Друштво за трговија и услуги ОРБИКО ДОО Скопје, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Општина Кисела Вода, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и
со ЕМБС 5024277, и со предмет на работење: 46.90 - неспецијализирана трговија на големо (како друштво од кое 96,463% се сопственост на Орбико ДОО за трговија Загреб)

**ХБИ ИТАЛИЈА АКВИЗИЦИЈА ЦО. С.Р.Л.,** со седиште на Виа Делл’Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија и предмет на работење – дејности на холдинг - друштва (субјект над кој се стекнува контрола со купување на акции кои претставуваат 100% од основната главнина и 100% гласови во одлучувањето – Целен ентитет), како и ограноците (фирмите-ќерки) на Целниот ентитет:

- ЧЕМПИОН ЈУРОП СОЦИЕТА’ А РЕСПОНСАБИЛИТА’ ЛИМИТАТА, со седиште на Виа Делл’Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија со приоритетна дејност на работење : трговија на големо со облека и обувки и секундарна дејност: Дејности на холдинг-друштвата (100% поседувано од Целниот ентитет);
- ЧЕМПИОН ПРОДУКТС ЈУРОП ЛИМИТЕД, со седиште на стан 8 Плаза 212, Бланчардстаун Корпорејт Парк 2, Бланчардстаун, Даблин 15, Даблин, Ирска со предмет на работење : комерцијализација на спортски производи, управување, развој и контрола на лиценцна активност, маркетинг и промоција на трговската марка (100% поседувано од ЧЕМПИОН ЈУРОП СОЦИЕТА’ А РЕСПОНСАБИЛИТА’ ЛИМИТАТА);
- ШАМПИОН ГЕРМАНИЈА ДООЕЛ, со седиште на Зидвестпарк 63, 90449 Нирнберг, Германија, со предмет на работење: производство, маркетинг, продажба и дистрибуција на стоки за широка потрошувачка и брендирани артикли, особено спортска и рекреативна облека од секаков вид и какви било додатоци за тоа, и обезбедување услуги поврзани со овие производи, како и управување со различни деловни области кои се занимаваат со производство, маркетинг, продажба и дистрибуција на такви стоки и обезбедување на услуги кои се однесуваат на нив(100% поседувано од ЧЕМПИОН ПРОДУКТС ЈУРОП ЛИМИТЕД од Ирска);

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

09.10.2024 година
Скопје